Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Македонијатурист АД Скопје**, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 1 (едно) дрво ( орев) што се наоѓа на **ул. "Македонија" во дворот на хотел Бристол – Скопје.**
2. Кастрењето на дрвото да се изврши и организира од барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Македонијатурист АД Скопје, ул. "Филип Втори Македонски" бр.5 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/208** од **26.03.2025** година, за кастрење на дрво што се наоѓа на **ул. "Македонија" во дворот на хотел Бристол – Скопје.**
Вработени стручни лица од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека, дрвото предмет на барањето имаат широкоразгранета крошна, поради што потребно е да се искастри, односно обликува неговата крошна.
Согласно член 11 став 1 точка 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај комерцијални и деловни објекти (комерцијални и деловни единици, угостителски единици, хотелски комплекси и слично) се сметаат за останато зеленило.
Согласно член 14 од горе наведениот закон ,подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека зеленилото е во состојба при што треба да се искастри, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/208/2**
**15.04.2025** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**

Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**

Пом.Раководител на Сектор
**Петар Гичаровски**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**